# ГРАЃАНСКИ МАНИФЕСТ ЗА
# ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА

Денес над Македонија не се раѓа сонцето на слободата. Денес сонцето ни заоѓа. Станува мрачно и мрак нè обвива. Тешка пропагандна магла земјата ни ја покрива. Заспаноста на нашиот разум произведе илјадници политички монструми. Тие ја користат нашата рамнодушност за да и ја цицаат крвта на нашата тешко стекната држава. Го користат нашиот страв и нашата малодушност за да ги газат нашите права и слободи.

Почитувани граѓанки и граѓани,
Вие што сакате да живеете во европска, а не во некаква си неолитска, библиска или античка Македонија, придружете ни се во борбата против окупаторите на нашата свест и совест!

Нашата борба е за обнова на достоинството на граѓанинот. Нашата борба е против политичарите кои зборуваат за европеизација и за борба против корупција, а спроведуваат букефализација и корумпираат медиуми, судии, академици и ректори. Нашата борба е против божемните демократи кои одлучуваат зад затворени врати. Нашата борба е против народните платеници кои храмот на демократијата го претворија во срам на демократијата! Нашата борба е против властодршците кои секојдневно го злоупотребуваат името Македонија за лични, фамилијарни и партиски интереси. Нашата борба е против божемните борци за името и идентитетот кои им даваат аргументи на грчките националисти, а нас нè прават заробеници на омразата кон сите Грци. Тоа се истите „борци" кои се појавуваат како грчки сведоци во судски пресуди против нашата држава, а милионските казни ги плаќаме сите ние.

Драги граѓани и граѓанки,
Ние не сме наивни! Не пиеме „грчка" нафта ниту пиеме „шведско" млеко од домашни крави! Знаеме што сакаме, а што не сакаме. И имаме право да се бориме против сите што ја оневозможуваат нашата интеграција во ЕУ.

Не сакаме изолирана и провинцијализирана Македонија! Сакаме држава во која ќе владее правото, а не самоволието на партиските деспоти. Сакаме држава во која граѓаните и граѓанките ќе можат слободно да избираат и да бидат избирани без страв дека ќе ги погоди куршум на гласачкото место.

Не сакаме држава во која буџетските средства се трошат за партиско рекламирање и за манипулирање со јавноста, а не за решавање на проблемите на граѓаните. Доста ни е од корумпирани газди на медиуми и преплашени новинари послушници. Доста ни е од партиски мегафони кои нè трујат со теории на заговори, секојдневно јадат бурек и, во името на народот, коленичат пред „пастирот". Не сакаме да плаќаме приредба во 100 чекори ниту преродба во 100 кампањи! Не сакаме буџетот на тајната полиција да биде поголем од буџетот за намалување на сиромаштијата и невработеноста. Не сакаме јавна администрација која наместо на граѓаните им служи на партиските врхушки. Не сакаме културна политика сведена на инструмент за политичка манипулација и националистичка демагогија. Не сакаме наместо метропола на културата Скопје да биде некропола на кичот!

Почитувани граѓанки и граѓани,
Не заслужуваме политичари за кои младите, студентите, земјоделците, стечајците и пензионерите се само „целни групи". Не заслужуваме да живееме во страв од „арачот" со кој драконски се казнуваат дребни прекршувања на јавниот ред и мир. Не заслужуваме власт на која ѝ аплаудираат ѓоамити невладини здруженија финансирани од власта. Не заслужуваме власт која пред камери сади дрвца кои не фаќаат корен и не пуштаат лисје. Не заслужуваме камери во болниците ни болнички соби кои не ги исполнуваат ниту затворските стандарди. Не сакаме власт која ни влегува во спалните соби и ги дели жените на „чедоморки" и „живоротки".

Не ни треба власт која арчи десетици милиони евра на спотови и споменици за да нè убеди дека не сме тие што сме и дека ќе бидеме она што власта мисли дека треба да бидеме. Не ни треба власт која зборува за национално единство, а создава нови национални и верски расколи. Не ни треба власт зад чие родољубие се крие себељубие, славољубие, среброљубие и властољубие.

Почитувани граѓани и граѓанки на Европска Македонија!

Нашата борба е борба за граѓанско единство изградено врз принципи кои ги надминуваат етничките страсти. Нашата борба е за демократско општество во кое носител на суверенитетот ќе биде граѓанинот, а не етничките, верските и партиските колективитети контролирани од вождови. Тие владеат со нас така што наместо да градат мостови - копаат јазови.

Со срце и со ум придружете ни се на походот кон Европска Македонија!
Да живее Европска Македонија!

Скопје, 1 февруари 2009 година

**Доколку сакате да ни се придружите, пратете порака на gem@sonet.com.mk**




Објавувањето е овозможено со финансиска поддршка на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија